БР. 10 година I октомври 2010

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА





- **ВЕСТИ**
- **ИЗВЕШТАЈ**
  Извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија во 2010
- **ЈАВНИ НАБАВКИ**
  За спречување на корупцијата во јавните набавки, треба многу повеќе од добар закон
- **НАСТАНИ**
  Конференција за  јавните набавки
- **ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО**
  Соработка меѓу новинарите за следење на прекуграничниот криминал

# За месечникот

Центарот за граѓански комуникации е основан во април 2005 година, како невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани. Веќе пет години секојдневно работиме на намалување на просторот за корупција во Македонија и на промовирање на принципите на „доброто владеење“, и на централно и на локално ниво.

Фокусирани сме на спроведување на два вида меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.

Во текот на секојдневното работење, ние и експертите со кои соработуваме доаѓаме до многубројни информации за корупциски и антикорупциски практики кај нас и во земјите од регионот и светот.

Со објавувањето на овој месечник за антикорупција и „добро владеење“ сакаме да ги поделиме тие информации со пошироката јавност, пред сè со претставниците на јавната администрација за кои сметаме дека се и најодговорни за борба против корупцијата и за воспоставување и почитување на принципите на „доброто владеење“.

Истовремено, нудиме и експертски анализи кои можат да послужат како извори на идеи и примери за подобрување на сегашната состојба со корупцијата во Македонија.

Отворени сме и сакаме да ни ги испраќате вашите мислења, идеи и ставови за антикорупциски теми и за практики на „доброто владеење“, но и да ни посочите на коруптивни практики и воопшто на постоење на простор за корупција. Тоа ќе ни послужи како основа за натамошно артикулирање на тие практики и проблеми, но и како помош при спроведување на нашите идни антикорупциски активности.

Корупцијата е едно од најголемите зла во Македонија, која ги уназадува развојот и напредокот на економијата, општеството и на луѓето кои живеат во него, ги нарушува конкуренцијата и слободното дејствување на фирмите на пазарот, го оневозможува владеење на вистинските вредности во животот и во работата, ги принудува младите и образовани луѓе да ја напуштаат земјава и овозможува незаконски бенефиции и богатење на државни функционери на сметка на осиромашување на другите луѓе и на уништување и злоупотреба на јавните добра.

Затоа, посочувајќи на корупциските практики и нудејќи идеи, добри примери и решенија од земјава и од странство, сметаме дека овој месечен билтен во крајна линија ќе придонесе за намалување на корупцијата во земјава и за унапредување на „доброто владеење“.

Месечникот се издава во рамки на годишната програма на Центарот за граѓански комуникации, која е поддржана од Програмата “CIVICA Mobilitas” а имплементирана од Центарот за Институционален Развој (ЦИРа) и е финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC), претставена од Швајцарската Канцеларија за Соработка во Македонија, за што сме им искрено благодарни.

center@ccc.org.mk

ISSN 1857-7075

Центар за граѓански комуникации
Бул. Кочо Рацин 26/1-2, 1000 Скопје
тел. (02) 3213 513
www.ccc.org.mk

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Уредувачки одбор:** Герман Филков, Сабина Факиќ, Елена Ристевска, Ана Петрушева

**Лектор:**
м-р Татјана Б. Ефтимоска

**Подготовка и печат:**
Винсент Графика

**Тираж:**
200 примероци

“Оваа публикација беше овозможена во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC”.

## ВО ОВОЈ БРОЈ

Корупцијата е навлезена и во спортот. И тоа во оној врвниот. Светската фудбалска федерација мораше да суспендира двајца членови од своето раководство откако се обелодени дека ги продале своите гласови за местото на одржување на следното светско првенство во фудбал. Поттикната од сè почестите корупциски скандали на своја територија, Швајцарија, земјата во која своето седиште го имаат многу светски организации, најави заострување на антикорупциската регулатива. На Косово, пак, Владата мораше да се откаже од договорот со една американска фирма за лобирање која била избрана по пат на директно преговарање и без учество на други фирми, но само откако аферата беше обелоденета од медиумите. Светските научници откриваат и докажуваат поврзаност на корупцијата со други општествени појави во земјите од светот, како што се нивото на економски развој, почитување на човековите права и сл., и тврдат дека корупцијата е симптом на длабоки економски и социјални болести во општеството.
Во овој број на месечникот, во целост ги пренесуваме деловите за антикорупција и јавни набавки од последниот Извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија во подготовките за членство во Европската Унија. И кај двете области Европската комисија констатира напредок, но наведува и дека корупцијата е распространета и продолжува да биде сериозен проблем. Кај јавните набавки главно се повторуваат ланските констатации, со тоа што годинава особено се истакнува нискиот капацитет на јавната администрација во оваа област и потребата од зајакнување на системот за правни лекови во јавните набавки.
Во продолжение следи обраќањето на претседателот на Групата земји за борба против корупцијата при Советот на Европа (ГРЕКО), Драго Кос, на темата корупција во јавните набавки, што го имаше на Конференцијата за јавни набавки која се одржа во октомври во Скопје. Тој порачува дека за спречување на корупцијата во јавните набавки треба многу повеќе од добар закон кој ќе ги исполни барањата на директивите на Европската Унија, но не и доволен за да се заштитат јавните пари од корупција. Според Кос, во јавните набавки треба да се вклучат и антикорупциски специјалисти, за да го анализираат постоечкото законодавство од гледна точка на борбата против корупцијата. Кос им порачува оние што одлучуваат за трошењето на јавните финансии да го прават тоа со истата внимателност и со истата одговорност како тогаш кога донесуваат одлуки за своите лични финансии. Од истата конференција пренесуваме и неколку од бројните новинарски текстови што беа објавени по тој повод.
Како што криминалот станува сè поорганизиран и сè повеќе се шири и се развива надвор од границите на една земја, дури и на еден регион, така се наметнува потребата од поголемо организирање и на истражувачките новинари. Но, поради серија причини, ова новинарство се чини дека живее едни од потешките денови во своето постоење. Токму поради тоа, истражувачки новинари, невладини организации и донатори што ги помагаат нивните мрежи, од Молдавија, Романија, Украина, Чешка, Полска, Бугарија, Србија и Македонија, на почетокот од ноември во Кишињев, Молдавија, ги разменија своите искуства и разговараа за идните можности за зголемување на прекуграничната соработка во истражувачкото новинарство.
Се надеваме дека и овој број, кој донесува бројни и разновидни содржини, ќе поттикне кај вас размислувања за преземање мерки како сите заедно повеќе да придонесеме кон намалување на корупцијата во нашето општество, која – како што тврдат научниците, сепак е поврзана и зависи од многу фактори во општеството.



БР. 10 година I

МАК

МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

## СОДРЖИНА


- ВЕСТИ
- ИЗВЕШТАЈ
  Извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија во 2010
- ЈАВНИ НАБАВКИ
  За спречување на корупцијата во јавните набавки, треба многу повеќе од добар закон
- НАСТАНИ
  Конференција за јавните набавки
- ИСТРАЖУВАЊЕ
  Соработка меѓу новинарите за следење на прекуграничниот криминал

## КОРУПЦИСКИ СКАНДАЛ ЈА ТРЕСЕ ФИФА

Светското фудбалско раководно тело ФИФА привремено суспендираше двајца членови на Извршниот комитет, Нигериецот Амос Адаму и Тахиќанецот Рејналд Темариј, поради наводи дека двајцата биле поткупени за да ги продадат нивните гласови за местото на одржување на светските првенства во 2018 и во 2022, во аферата наречена „Кеш-за-гласови“.

Рејналд Темариј од Тахити, претседателот на Океанија, тврдеше дека барал 3 милиони долари за спортска академија во Оукланд.

Нигериецот Амос Адему наводно побарал 1 милион долари за личен проект во замена за неговиот глас за светските првенства во 2018 и 2022.

Реакцијата на ФИФА сепак дојде одложено по серијата критики дека не презема ништо за спречување на корупцијата во своите редови. „Ова е многу тежок ден за ФИФА“, изјави претседателот на ФИФА Сеп Блатер, на денот на донесувањето на одлуката за суспензија на двајца членови на раководството. „Точно е дека сум екстремно потресен“, изјави Блатер. „Дали ова значи дека треба да ја затвориме ФИФА? Одговоривме дека животот и фудбалот треба да продолжат“.

Извршниот комитет на ФИФА ќе спроведе дополнителна истрага за двајцата суспендирани членови следниот месец.

Во меѓувреме, Швајцарија објави дека ги преиспитува своите закони за корупција како резултат на скандалот во кој е вмешано светското раководно тело за фудбал ФИФА, со седиште во Цирих. Швајцарското министерство за одбрана и спорт потврди дека министерот за спорт Уели Маурер побарал официјално преиспитување на законите за корупција и можни предлози за понатамошно дејствување.

Портпаролот на Федералната канцеларија за спорт изјави дека корупцијата е поголема опасност за спортот отколку допингот и дека е потребна ревизија бидејќи Швајцарија е домаќин на многу меѓународни спортски федерации.






## ДОГОВОРОТ ЗА ЛОБИРАЊЕ ОТФРЛЕН ПО ИСТРАГАТА НА BALKAN INSIGHT

Приштина, Косово (Balkan Insight) – Косовската влада ја укина одлуката да ја ангажира врвната американска фирма за лобирање Patton Boggs без да ги земе предвид конкурентните понуди по истрагата на Balkan Insight. Владата во октомври го доделила договорот вреден 600 000 евра годишно, без тендерски процес, со тоа не почитувајќи ги сопствените закони за набавки на Косово.

Но, како резултат на истрагата на Balkan Insight, објавена пред еден месец, поточно минатиот петок, одлуката „да се промовираат и да се заштитат интересите на институциите на Република Косово во странство“ преку договорот вреден 50 000 евра месечно беше укината на состанок на владиниот кабинет.

Владиниот портпарол Мемли Красниќи продолжи да инсистира пред Balkan Insight дека владата не прекршила ниту едно правило за набавки и дека ѝ било дозволено да спроведе „тендер со единствен извор“, каде што само на една фирма ѝ е дозволено да се наддава. Сепак, тој призна дека промената на одлуката следела по советот од правниот оддел на Канцеларијата на премиерот, кој предупредил дека доделувањето на такви зделки барало „детални понуди однапред.“ Balkan Insight побара објаснување од правниот оддел зошто предложил отфрлање на зделката, но не доби повратен одговор.

Тврдењето на Красниќи дека владината одлука не прекршила никакви тендерски правила сепак е во расчекор со коментарите на претседателот на Агенцијата за јавни набавки. Според законот, Канцеларијата на премиерот, која раководела со процесот, требало да добие дозвола од Агенцијата за јавни набавки пред да додели каква и да е зделка од тој вид, дури и ако не бил потпишан договор.

Бидејќи одлучила да преговара за цената само со една фирма, Канцеларијата на премиерот требало да ѝ приложи документи на Агенцијата за јавни набавки, кои ќе покажат зошто само една фирма може да ги понуди услугите. Само во тој случај, според законот, на Владата би ѝ било дозволено да започне преговори со одредена компанија за лобирање.

Претседателот на агенцијата за јавни набавки, Мурсел Рачај, претходно изјави за Balkan Insight дека овој процес не се случил. Како резултат на владиниот чекор за откажување на договорот, заменик-премиерот Хајредин Кучи изјави пред



новинарите дека назначувањето на Patton Boggs било „прелиминарна одлука во консултација со министерот за надворешни работи, со поранешниот претседател и со други чинители.“ Тој додаде дека владата одлучила да ја повлече првичната одлука за да осигури дека процедурите „се целосно испочитувани“ и со цел „да не се создаде каква и да е дилема.“ „Ако има потреба за такво лобирање, секако, по изборот на новата влада, ќе се донесе друга одлука за овој случај“, изјави тој.

## ШТО Е ОНА ШТО ГИ ПРАВИ ЗЕМЈИТЕ КОРУМПИРАНИ?

(Атлантик) – Пред да можат земјите да се справат со системската корупција, мораат прво да се справат со фактот дека таа не се случува во вакуум – таа е симптом на длабоко вкоренети економски и општествени болести, вели Ричард Флорида, професор по економија на универзитетот во Торонто, Канада. За да се добие поцелосна претстава за ова тврдење, тој и неговата колешка Шарлот Меландер направиле споредба за да видат како позицијата на една нација според индексот на корупцијата соодветствува на нејзиното рангирање според серија други мерки на стандардот – економскиот развој (економското производство по глава на жител), транзицијата до повисоко обучена економија на знаење (човечките нивоа на капитал и креативниот класен удел на работната сила), општествената толеранција (мерено според истражувањата на Светската анкета на Галуп, што ги следи ставовите кон хомосексуалците и кон етничките и расните малцинства), како и целокупното ниво на среќа или задоволство од животот (исто така според анкетите на Галуп).

Нивните анализи, велат самите автори, можат единствено да ги идентификуваат врските меѓу варијаблите и на ниеден начин не имплицираат причинско-последична врска.

Општо земено, врските кои ги откриваат меѓу корупцијата и економскиот и општествен развој се прилично впечатливи.

Корупцијата е тесно поврзана со целокупното ниво на економски развој: колку е побогата земјата, толку има тенденција да биде помалку корумпирана.

Корупцијата е пониска во економиите засновани врз знаење. Индексот на перцепција на корупцијата е во висока корелација со човечкиот капитал, а уште повеќе со креативниот класен удел.

Корумпираните нации исто така имаат тенденција да бидат нетолерантни средини. Индексот на перцепција на корупцијата е во сооднос со ставовите кон расните и кон етничките малцинства, а уште повеќе со ставовите кон хомосексуалците и лезбејките, за што политичкиот социолог Роналд Ин-

Советникот за надворешни работи на Patton Boggs е Френк Визнер. Поранешната државна секретарка на САД за време на мандатот на Џорџ Буш, Кондолиза Рајс, го назначи Визнер за специјален претставник на САД за разговорите за статусот на Косово во 2005, каде што тој одигра клучна улога во преговорите за независноста на Косово. Не постои сомневање дека Patton Boggs постапил несоодветно за добивање на договорот.



глхарт од Универзитетот на Мичиген посочува дека е последната граница на нетолеранција во нациите ширум светот.

Корумпираните нации често имаат ниски нивоа на среќа и задоволство од животот. Индексот на перцепција на корупцијата е во голема мера поврзан со целокупното задоволство од животот.

Авторите заклучуваат дека е многу полесно да се осуди меѓународната корупција отколку да се надмине. Нивната анализа сугерира дека казнувањето на компаниите кои плаќаат мито претставува третирање на еден симптом, при што отсуствува дијагнозата, а камоли пак обидот да се излечи основната болест.

Корупцијата е факт на економскиот развој. Таа не е ендемска само во најсиромашните и најмалку функционални нации, туку и во брзорастечките. Корумпираните нации имаат потрадиционални економски структури, засновани врз користење на ресурсите или производството; тие сè уште не ја завршиле транзицијата кон високо обучените економии на знаење. Корумпираните нации е поверојатно да бидат нетолерантни; нивните граѓани не само што мораат да трпат пониски материјални животни стандарди, туку и пониски нивоа на среќа и задоволство од животот.

Флорида и Меландер порачуваат дека ако навистина сакаме да се бориме со корупцијата, тогаш мора да се справиме со поголемите и многу потешки предизвици на економскиот развој. Кога помалку развиените нации почнуваат да го подобруваат нивното знаење, вештини и човечки капитал за да ги подигнат нивоата на економско производство, тогаш битката е веќе добиена.



## ИЗВЕШТАЈ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА НАПРЕДОКОТ НА МАКЕДОНИЈА ВО 2010

# И НАПРЕДОК, И ПРОБЛЕМИ ВО АНТИКОРУПЦИЈАТА И ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

*На почетокот од ноември, Европската комисија го објави Извештајот за напредокот на Македонија во подготовките на земјата за членство во Европската Унија, за периодот од септември минатата година до октомври оваа година. Посебни делови во извештајот се посветени на две значајни области, на кои, меѓу другото, се однесуваат и активностите на Центарот за граѓански комуникации: антикорупцијата и јавните набавки. И кај двете области, Европската комисија констатира напредок, но наведува и дека корупцијата е распространета и продолжува да биде сериозен проблем. Кај јавните набавки главно се повторуваат ланските констатации, со тоа што годинава особено се истакнува нискиот капацитет на јавната администрација во оваа област и потребата од зајакнување на системот за правни лекови во јавните набавки. Во продолжение следат споменатите делови од извештајот во целост, онака како што се објавени во извештајот.*

**Антикорупциска политика:** Постигнат е напредок, но корупцијата продолжува да претставува сериозен проблем

Постигнат е напредок во спроведувањето на антикорупциската рамка, што е клучен приоритет на Партнерството за пристапување. Се постапи по сите 14 препораки на Групата земји за борба против корупцијата (ГРЕКО) од вториот круг на евалуацијата. Беше објавен извештајот на ГРЕКО за третата фаза на препораки, што содржи 14 препораки за инкриминација на кривични дела поврзани со корупција, како и за транспарентноста на финансирањето на политичките партии кои треба да се спроведат до септември 2011 година. Земјата започна со постапките за пристапување кон Конвенцијата на ОЕЦД за борба против давање мито на странски јавни службеници. Влегоа во сила измените на Кривичниот законик, што вклучуваат нови одредби на проширување на конфискацијата на приноси од казниво дело, незаконско богатење и кривична одговорност на правни лица за стечај и за промена на статусот. Воспоставена е правна рамка за статусот на јавни службеници кои не се државни службеници. Редовно се состанува меѓуминистерската работна група за следење на Државната програма за борба против корупцијата.

Извршени се три големи полициски операции, што доведе до апсење на голем број гранични службеници, доктори и службеници од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Во првостепена судска одлука беше изречена затворска казна на еден од обвинетите лица. За останатите, истрагата или судската постапка сè уште е во тек.

Управата за спречување на перењето пари и финансирањето тероризам сега има директен пристап до базата на податоци со имотни листови на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). По направените проверки од страна на ДКСК, двајца градоначалници беа казнети со 70% од нивната неоправдана разлика во имотот, во согласност со законските одредби. Зголемен е бројот на случаи на конфликт на интереси забележан од ДКСК. ДКСК го зголеми бројот на решени случаи од 567 во 2008 година до 828 во 2009 година. Забележани се одредени подобрувања во инструментот за следење на препораките на Државниот завод за ревизија со 55 извештаи објавени во 2009 година.

Сепак, спроведувањето на правната рамка за антикорупција сè уште има недостатоци. Новото законодавство не е придружено со соодветни проценки за влијанието, што резултира со фактот дека планирањето на потребните човечки и

финансиски ресурси и подготовка на спроведувањето е несоодветно. Влегувањето во сила на новите одредби на Кривичниот законик, особено во однос на незаконското богатење и проширената конфискација, не се добро подготвени и истото бара дополнителна обука.

Судската практика во случаите со корупција е неконзистентна. Три од петте случаи на корупција со изречени затворски казни се вратени на повторно одлучување на првостепените судови, како резултат на процедурални грешки во првостепените постапки. Ограничените капацитети во кривичниот оддел на Апелацискиот суд во Скопје дополнително се ослабени со суспендирање на повеќе од половината судии поради дисциплински постапки. Двајца од судиите се разрешени, а останатите тројца се вратени во Судот по период од три месеци. Ситуацијата во поглед на независност на судството останува да биде сериозно загрижувачка и влијае врз одлучноста во борбата против корупцијата. Улогата на Министерството за внатрешни работи во одобрувањето на употребата на прислушување не е во согласност со стандардите на ЕУ и загрижува поради несоодветната политичка вмешаност. Покрај тоа, потребно е да се зајакне надворешниот механизам за надзор.

Сè уште е мал бројот на случаи каде што има утврдено конфликт на интереси и во кои се имаат преземено одредени активности. Имотните листови на државните службеници, како и изјавите за интерес, се тајни и истите не се проверуваат во поглед на содржината. Не е направено конзистентна евиденција за проверка на имотните листови на назначени и избрани службеници.

Не задоволува транспарентноста на јавните расходи. Законот за пристап до информации од јавен карактер не утврдува јасно дека содржината на јавните договори е јавна. Ова доведува до различни толкувања во рамките на администрацијата. Сè уште се слаби механизмите за внатрешна контрола во јавната администрација. Недоволна е правната и институционалната заштита на „потшепнувачите“. Според тоа, пријавувањето за сомневања за корупциски активности во рамките на јавната администрација останува слабо.

Спроведувањето на законодавството за финансирање на политички партии и изборни кампањи сè уште не даде резултати. Не се изречени санкции за непочитување на законот од страна на надзорните тела. Партиите на ВМРО, СДСМ и ДУИ ги поднесоа своите извештаи една година по истекувањето на рокот.

Стратешкиот план на ДКСК за односи со јавноста не даде забележливи резултати. Членовите на ДКСК продолжуваат со вршење на нивните активности со нередовно работно време, што би можело да влијае врз ефективноста на активностите по службена должност. Јавната доверба во независноста и непристрасноста на ДКСК сè уште е на релативно ниско ниво. ДКСК има повеќе реактивен отколку проактивен пристап. По ребалансот на државниот буџет за 2010 година, ДКСК се соочува со сериозни финансиски тешкотии.

Недоволни се капацитетите на Министерството за правда за координација при следење на политиките за антикорупција на техничко ниво. Додека состаноците на техничко ниво на меѓуминистерската работна група се интензивираат, политичките заложби на високо ниво за следење при спроведувањето на политиките за антикорупција се ослабени. Досега не е спроведена сеопфатна активност за одредување на степенот и природата на корупцијата во јавниот сектор. Сè уште е недоволно развиен статистичкиот систем за следење на политиките на антикорупцијата. Нема сеопфатен пристап за развивање на посебни стратегии за антикорупција за чувствителните области во јавниот сектор.

Севкупно, постигнат е одреден напредок во спроведувањето на антикорупциската политика. Преземени се дополнителни чекори за воспоставување на Националната криминалистичко-разузнавачка база на податоци. Беа спроведени големи полициски операции, со користење на посебни истражни мерки. Меѓутоа, не е конзистентна евиденцијата за спроведување на случаите поврзани со корупција. Постоечките одредби за имотни листови, конфликт на интереси и финансирање на политички партии не се спроведуваа на ефикасен начин. Корупцијата е распространета во многу области и продолжува да претставува сериозен проблем.



## **Јавни набавки:** недостаток на свесност во поглед на судирот на интересите, етиката и антикорупцијата кај процедурите за набавки

Постигнат е мал напредок во однос на **општите принципи**. Законот за јавни набавки беше изменет за да се усогласи со Кривичниот законик и беа донесени неколку делови од законодавството за спроведување на законот. Законот за концесии и за други видови на јавно-приватно партнерство не е усогласен со acquis.

Во однос на административните капацитет, бројот на вработени во БЈН порасна до 17. Бирото за јавни набавки усвои Стратегија за јавните набавки за периодот 2010-2012 година, со што ја потврдува зрелоста на институцијата во развојот, пилотирањето и следењето на политиката за јавни набавки во земјата. Центарот за обука на БЈН стана функционален. Продолжи соработката на БЈН со Државниот завод за ревизија (ДЗР), Државната комисија за спречување на корупцијата и Комисијата за заштита на конкуренцијата. Сè уште недостасуваат статистички податоци за случаите на корупција во врска со јавните набавки кои се во постапка пред судовите. Продолжува трендот на поништувања и неуспешни тендерски постапки. Сè уште има недостаток на свесност во поглед на судирот на интересите, етиката и антикорупцијата кај процедурите за набавки. Капацитетот на одделението кое е одговорно за давање концесии во Министерството за економија не е доволен за да се справи со широкоопсежните проекти и неговата соработка со другите институции кои се вклучени во системот на јавни набавки останува недоволна.

Во врска со општите принципи, земјата генерално е на добар пат.

Постигнат е одреден напредок во врска со транспарентноста во **доделувањето на јавни договори**. Е-набавките станаа задолжителни од јануари 2010 година за најмалку 30% од вкупната проценета вредност на сите јавни договори. Постигната е интеграција на двата постоечки електронски системи за набавки. Сепак, недоволна е свесноста на договорните органи во врска со критериумот за економски најповолен тендер. Освен тоа, работите честопати започнуваат и дури и завршуваат пред да биде распишан тендерот. ДЗР откри сериозни нерегуларности во постапките за јавни набавки, но Јавното обвинителство во повеќето случаи воочува само мали прекршоци. Ова резултираше со неколку обвиненија против договорните органи. Во врска со доделувањето на јавни договори, земјата е умерено напредната.

Може да се забележи напредок во врска со системот за **правни лекови**. 95% од случаите кои беа добиени во 2009 година беа решени од страна на Државната комисија жалби по јавни набавки (ДКЖЈН). ДКЖЈН ги објавува образложенијата на нејзините одлуки. Сепак, примената на одлуките од ДКЖЈН не е на задоволително ниво, што претставува проблем за системот за ефикасни правни лекови. Усогласувањето со изменетата директива на ЕУ за правни лекови сè уште треба да се постигне. ДКЖЈН останува и понатаму со недостаток на буџетски средства и кадар. Во врска со системот за правни лекови, земјата е умерено напредната.

## Заклучок

Постигнат е напредок во областа на јавните набавки. Зголемена е транспарентноста на постапките за јавни набавки, но тие треба да се поедностават, особено во однос на субјектите кои работат во услужниот сектор. Законодавството за концесии и за другите видови на јавно-приватно партнерство не е усогласено со acquis. Системот за правни лекови, и покрај добрата работа на ДКЖЈН, треба значително да се зајакне. Потребни се напори за понатамошно подобрување на административниот капацитет во областа на јавните набавки и концесиите.



Драго Кос, претседател на ГРЕКО (Група земји
против корупцијата при Советот на Европа)

# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ, ТРЕБА МНОГУ ПОВЕЌЕ ОД ДОБАР ЗАКОН

***Перфектен закон кој ќе ги исполни барањата на директивите на Европската Унија е добар, но не и доволен за да се заштитат јавните пари од корупција. Треба да вклучите и антикорупциски специјалисти во јавните набавки за да го анализираат постоечкото законодавство од гледна точка на борбата против корупцијата. Ако оние што одлучуваат за трошењето на јавните финансии го прават тоа со истата внимателност и со истата одговорност како тогаш кога донесуваат одлуки за своите лични финансии, тогаш работите ќе бидат многу подобри.***



Ако погледнете во моите бројни интервјуа минатата година, секојпат кога го добивав прашањето кој е најголемиот проблем во корупцијата, велев дека се тоа јавните набавки. Тоа е суштински проблем со којшто се соочуваме во сите земји. Само да изнесам неколку бројки. Според претпоставките, корупцијата јаде до 40% од парите што се трошат за јавни набавки. Словенија троши две до три милијарди евра на јавни набавки годишно и губи 30% до 40% од овие пари на корупција. Ова е нешто навистина болно, а причините за постоењето на толку проблеми, во суштина, се многу едноставни.

Но, би започнал со кратка историја. Јавните набавки се дел од договорот на Европската Заедница уште од 1957 година, и оттогаш почнаа да загрижуваат и да претставуваат проблем. Новите правни „лекови“ донесоа многу измени во оваа област. Со директивите се поставија неколку едноставни принципи за недискриминација и еднакво третирање, за заедничко признавање и транспарентност. Не постоеше никакво место за корупција, но според моето искуство, сите тие директиви не го решија проблемот. Тие ја подобрија ситуацијата, но не до вистинскиот степен.

Постојат многу причини за тоа, пред сѐ што деталните одредби од овие директиви коишто беа транспонирани во националните директиви на земјите на ЕУ и во земјите-кандидати на ЕУ, имаат одредена граница. Во Словенија тоа беше 98,2%, што значи дека ние не ги применувавме овие директиви само во 1,8%. Меѓутоа, кога ќе направиме анализа во Словенија, а ова се анализите за оваа година, можам да кажам дека најголемите проблеми со кои се соочуваме се истите оние проблеми кои веќе ги слушнав презентирани овде, како дел од овој извештај.

Тоа значи дека ние не напредувавме толку многу, меѓутоа најголемиот проблем со којшто се соочуваме ние во јавните набавки е легитимното користење на исклучоците, што значи постапките коишто треба да се користат – не се користат. Потоа, легитимна примена на постапките за помали набавки, при коишто по склучувањето на договорот, нашите договорни органи прават анекси на договорите без соодветна постапка, и тоа само по  неколку дена од склучувањето на договорот. Натаму, документацијата за набавките е нејасна и збунувачка. Договорните органи бараат истите информации да бидат повторени по неколкупати во истите тендери и во истите понуди, под различни наслови. Нашите договорни органи исто така им овозможуваат пристап на понудувачите до документацијата на другите понудувачи 10 минути пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудата. Потоа, имаме цел пакет проблеми што се поврзани со критериумите за јавни набавки. Тие се непропорционални, нејасни, недоволно дефинирани или се премногу на број. Се разбира, ова не се случува случајно, се случува намерно и со некаква цел. Потоа, имаме ситуации кога договорот се дели на неколку помали договори, што им овозможува на државните органи да користат различни постапки или, пак, да избегнат да користат одредени постапки. Ова е денешната ситуација во Словенија и можам да кажам дека истото се случува во многу држави членки на ЕУ, иако сите овие држави ги спроведуваат нејзините директиви. Но, обично директивите на ЕУ и законодавството за јавните набавки го подготвуваат експерти коишто не се експерти и во корупцијата; тие се добри во јавните финансии, во јавните набавки, меѓутоа она што сакаат да го постигнат тие преку принципите на транспарентност и недискриминација е добро, но не  е доволно, бидејќи корупцијата е нешто многу повеќе од исполнување на четирите принципи што ги споменав.

Ако оние што одлучуваат за трошењето на јавните финансии го прават тоа со истата внимателност и со истата одговорност како тогаш кога донесуваат одлуки за своите лични финансии, тогаш работите ќе бидат многу подобри. Јас не можам да разберам зошто луѓето коишто тука-така потпишуваат договори за седум милиони или за 100 милиони евра, кога ќе се вратат попладне дома, тешко им е да дадат 10 или 15 евра за некоја слична услуга. Ставот на овие лица кои ги донесуваат одлуките за личните финансии не е ист како тогаш кога одлучуваат за јавните финансии.

За да се борите против корупцијата во јавните набавки, треба да спроведете различни мерки. Ќе споменам само некои од оние што мислам дека треба да ги знаете. Европската комисија е свесна за овој проблем или за проблемите што се поврзани со јавните набавки. Треба да се направи канцеларија за ревизија на сите јавни набавки зашто тоа е многу едноставно. Во периодот меѓу 2007 и 2014 година, Словенија само од кохезионите фондови ќе добие 5 милијарди долари и ако овие пари се потрошени преку корупција, тогаш ќе имаме голема економска штета нанесена врз Унијата. Велите, кај вас ги нема санкциите во законот. Санкциите во нашето законодавство се многу високи. На пример, договорните органи можат да бидат казнети со парични казни меѓу 5000 и 30 000 евра, а одговорното лице до 10 000 евра. Понудувачите би можеле да бидат исклучени од правото да учествуваат на некој тендер од различни причини – ако направиле измама или ако биле вклучени во кривични дела, итн. Правиме и црна листа, меѓутоа тоа не функционира секогаш. Лесно е да се каже дека ќе исклучиме некоја компанија којашто направила измама или друг вид на криминален акт или дејство, меѓутоа прашање е до колкав степен таквото однесување треба да биде докажано, бидејќи во суштина се бара финална одлука, а правосудните постапки некогаш траат малку подолго. Значи, ова е очигледно диспропорционално и не се вклопува едно со друго. Досега не се случило ништо сериозно на овој план.

Во Словенија сфативме дека областа на јавните набавки не смееме да ја оставиме само на специјалистите за јавни набавки. Вклучивме и други специјалисти. Сега, секој договор што ќе надмине 10 000 евра и е склучен од кое било претпријатие од јавниот сектор треба да има клаузула против корупцијата и ќе биде прогласен за неважечки доколку оваа клаузула не се почитува. Потоа, внесовме нешто друго во законот против корупција во Словенија. Вие го имате системот според кој некои категории на јавни службеници треба да дадат изјава за својата имотна состојба пред антикорупциската комисија. Кај нас, својата имотна состојба мора да ја пријават и сите оние службеници што работат на јавните набавки. Постоеја одредени проблеми бидејќи имаше премногу државни службеници кои работат на јавните набавки во Словенија, меѓутоа тоа сепак беше направено и верувајте, не беше прифатено од нив оти тие не беа задоволни што треба да ја пријават својата имотна состојба.

Затоа, повторно сакам да истакнам дека се потребни антикорупциски специјалисти во јавните набавки за тие да можат да го анализираат постоечкото законодавство за јавните набавки од гледна точка на борбата против корупцијата, бидејќи гледате дека сè уште имаме закони за јавни набавки што дозволуваат дупки што се користат за корупција.

Постапките за јавни набавки треба да бидат брзи, ефективни и објективни. Без такви постапки, ништо нема да може да функционира. Затоа, санкциите мора да бидат ефективни, да ја одвраќаат корупцијата и да бидат пропорционални на делото. За жал, ништо не може да се постигне без силни санкции.

За следното нешто вам ќе ви треба време. Да ги едуцираме и да ја подигнеме свеста кај одговорните лица дека справувањето со јавните финансии кога трошат милиони и милиони евра е исто како и справувањето со сопствените финансии. Во своите канцеларии тие всушност трошат сопствени пари. Но ако нема заедничка акција во оваа насока од страна на сите органи, ништо нема да се смени. Технички, може да имате најдобар закон за јавни набавки. Верувајте, од технички аспект, ние во Словенија имаме перфектен закон што сè уште не функционира во сферата на антикорупцијата. Затоа, да се има добар закон не е единствениот принцип којшто




сакаме да го следиме, туку сакаме да ја видиме шумата, целата слика, а тоа е дека јавноста треба да ја добие најдобрата услуга по најниска цена, без корупција. Ова звучи едноставно, но не е едноставно во практиката. И бидејќи и ние ја следиме истата цел и бидејќи сите ние сакаме да извлечеме најмногу за најмалку пари, треба да седнеме заедно и да произведеме решенија кои се најдобри и кои нема само да ги исполнат барањата на директивите на Европската Унија, коишто се добри, ама не и доволни. Треба да го заштитиме сопствениот буџет од корупција. Она што треба да се направи е малку добра волја, соработка и решителност да се донесат тие закони и одлуки. Воведувањето на директивите на ЕУ во националното законодавство е важно но не и доволно; треба повеќе да елаборирате во однос на овие директиви, исто како што го прават тоа големите и паметни земји.



# КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ



Повеќе од 60 учесници од сите засегнати страни во процесот на јавните набавки, како и домашни и странски експерти и претставници на домашни и странски институции и организации, присуствуваа на Конференцијата за јавни набавки, која се одржа на 18 декември во Скопје, во организација на Центарот за граѓански комуникации.

На конференцијата беше претставен Извештајот од мониторингот на постапките за јавни набавки за првите шест месеци годинава, со главните забелешки од мониторингот и со препораки за унапредување на системот за јавни набавки, што беше и повод за конструктивна дебата за оваа многу важна област. Учесниците заеднички заклучија дека има потреба и простор од измени и дополнувања на законската регулатива за јавните набавки во земјава во насока на намалување на злоупотребите при трошењето на јавните пари.

Претседателот на ГРЕКО (Групата земји против корупција при Советот на Европа), Драго Кос, го пренесе посебно словенечкото искуство во оваа област и понуди неколку мерки за намалување на корупцијата во јавните набавки кои се преземаат во другите



земји од ЕУ, меѓу кои вметнување на т.н. антикорупциска клаузула во секој договор за јавни набавки поголем од 10 000 евра и обврска за доставување имотен лист на сите лица од договорните органи вклучени во јавните набавки.

Дел од учесниците повикаа на предвидување казнени одредби во самиот закон, барем за престапите од прекршочен карактер, имајќи предвид дека од скоро, потешките злоупотреби во јавните набавки се третираат како кривично дело според Кривичниот законик.

Директорката на Бирото за јавни набавки, Маре Богева Мицовска, ги претстави досегашните напори на оваа институција за унапредување на системот за јавни набавки, како и планираното воведување во обуките за јавни набавки што ги спроведува бирото на посебен модул за спречување на корупцијата.

Конференцијата ја следеа 22 медиуми, а таа беше повод и за многу следни новинарски анализи за јавните набавки. Во продолжение пренесуваме само мал дел од нив.



БИЗНИС

Состојби со јавните набавки

**Поништен секој четврти тендер**

Намален интерес на компаниите за учество во јавните набавки, зголемено поништување на тендерските постапки и зголемување на бројот на склучени директни договори, се дел од клучните наоди од мониторингот што го спроведе Центарот за граѓански комуникации во периодот од април до јуни годинава. Резултатите од мониторингот спроведен на примерок од 40 постапки на централно и локално ниво, покажуваат дека во тендерските постапки се поставуваат дискриминаторско високи критериуми за квалификување на фирмите, а се позачестена е и примената на т.н манипулативни критериуми, односно рок на испорака или на изведба и рок и начин на плаќање. Сериозни проблеми се констатирани и во делот на квалитетот, односно изостануваат прецизни дефиниции како ќе се мери квалитетот, а се уште доволно не се користи и електронскиот систем за јавни набавки.

Кварталниот извештај покажува дека во дури 30 проценти од постапките вклучени во процесот на мониторингот, понуди доставиле само една или две компании. Освен тоа, конкуренцијата е само навидум обезбедена, се посочува во извештајот.

Секој четврти тендер е поништен. Притоа, загрижувачки е што во поништените постапки просечно учествувале по тројца повеќе компании, отколку во постапките каде е извршен избор на најповолната понуда. Освен тоа, се вели дека се користат спорни елементи во изборот на најповолната понуда, а одредени понудувачи се фаворизираат преку начинот на кој се дефинирани тендерските документации. Исто така, забележлива е нетранспарентна постапка за склучување директни договори за јавни набавки без објавување оглас. Во второто тримесечје од годинава биле склучени 172 вакви договори, во вредност од 6,1 милион евра. Што, пак, е за 49 проценти повеќе од истиот период минатата година, кога биле склучени 231 договор со вредност од 4,1 милион евра.

Само 4,2 проценти од сите постапки се спроведени целосно по електронски пат, а во околу 12 проценти од постапките се користени електронски аукции.

Како позитивни тенденции, пак, посочени се намалувањето на барањата за плаќање надомест за подигнување на тендерската документација и опаѓањето на банкарската гаранција на понудата.



Дневник

**Јавните набавки дувло на корупција**



вечер ...прв дознава.

КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**Намален интересот на компаниите за јавните набавки**



утрински Весник

**Секој четврт тендер поништен**





# СОРАБОТКА МЕЃУ НОВИНАРИТЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНИОТ КРИМИНАЛ

Како што криминалот станува сè поорганизиран и сè повеќе се шири и се развива надвор од границите на една земја, дури и на еден регион, така се наметнува потребата од поголемо организирање и на истражувачките новинари. Сè почесто се формираат формални и неформални мрежи на истражувачки новинари преку кои новинарите од една земја не мора да патуваат во некоја друга земја за да истражат нешто за своите приказни, туку тоа за нив можат да го направат нивните колеги новинари од таа земја. Предностите се повеќекратни. Прво, колегите-новинари од другите земји подобро ги познаваат околностите, луѓето и јазикот во своите земји и полесно можат да дојдат до бараните информации, извори и документи. Второ, не се трошат непотребни пари и време за патувања и сместувања кои понекогаш можат да траат и непредвидено долго. Трето, новинарската приказна станува заедничка и таа може да се објави истовремено на медиумите на двајцата (или на повеќемина новинари) што учествуваат во нејзиното создавање. Четврто, се создаваат основи за подолгорочна соработка меѓу новинарите и медиумите во кои работат.

## ДА СЕ СЛЕДИ БИЗНИСОТ

Има неколку правила што треба да се имаат предвид и да се следат во истражувањата. Првото правило е дека криминалците никогаш не ги чуваат парите дома, во својата земја. Второто правило е дека секаде каде што има силни бизнис-врски има и силно поврзување и организирање и на криминалот. Таков е особено случајот меѓу земјите од т.н. поранешен Источен блок, каде што врските меѓу бизнисите се сè уште многу силни, а со тоа постои и широк простор и за истражување. Практиката покажува дека истражувањето секогаш треба да започне од поразвиените и подемократски земји, бидејќи таму е поголема веројатноста да се добијат повеќе информации. Вакви примери на успешна соработка меѓу истражувачки новинари за криминал во една земја откриен преку истражување во друга, поразвиена земја, има многу. Во Романија е истражен и обелоденет криминал направен во Молдавија, во Чешка – криминал направен во Романија, па дури и во Македонија – криминал направен во Албанија (случајот со фалсификуваните дипломи). За жал, многу од овие истражувања не добиваат публицитет и дури не се ни објавуваат во земјите на кои се однесуваат.

## НЕМА ГРАНИЦИ ЗА ВИСТИНСКИТЕ ИСТРАЖУВАЧКИ НОВИНАРИ

Раскажувајќи ги своите искуства, истражувачките новинари од поширокиот регион на Балканот и од земјите од Источна Европа обелоденуваат разни начини и форми на истражувања само за да дојдат до докази за своите приказни. Така, новинари се преправаат во потенцијални бизнис-клиенти за да пристапат кон одредена фирма или се јавуваат на огласи за работници за да бидат вработени и да добијат одредени сознанија за таа фирма. Новинар од Романија, кој истражувал како турски државјани масовно вадат фалсификувани романски лични карти и со нив заминуваат на работа во Европската Унија, дури и самиот се претставил како Турчин, извадил една таква лична карта со турско име и презиме и со неа заминал на работа во Холандија, па дури и гласал на изборите за Европскиот парламент. Кога ја објавил приказната во која го обелоденил овој криминал, начинот на кој се прави и актерите кои се вклучени во него, од романската држава заработил кривична пријава за фалсификување документи.

## НЕИЗВЕСНО ФИНАНСИРАЊЕ

Имајќи предвид дека ваквите истражувања често траат со месеци, дури и цела година, нивното финансирање е речиси секогаш поддржано од невладини организации или од странски донатори, бидејќи медиумите секогаш се правдаат со немање пари да плаќаат одреден новинар неколку месеци за да продуцира една приказна, колку и да е таа истражувачка и колку и да е голем скандалот што го открива. Овде се јавува и поврзаноста на медиумите со одредени бизниси и политичари, што сè заедно влијае негативно врз истражувачкото новинарство. Оттука, мрежите на истражувачки новинари сè почесто наоѓаат т.н. алтернативни извори на финансирање, најчесто преку одредени проекти на невладини организации и на странски донатори кои имаат некаков интерес во регионот во кој се наоѓа и делува мрежата на истражувачки новинари. Но, ако се знае дека кај невладините организации, пак, финансирањето е доминантно поврзано и се одвива преку проекти и проектни циклуси, останува отворено и целосно неизвесно прашањето за подолгорочно финансирање на мрежите на истражувачки новинари. Токму водејќи се од оваа неизвесност, некои веќе етаблирани мрежи се обидуваат да бараат претплата за пристап до нивните новинарски продукти, но овој начин на финансирање повлекува воспоставување и на други, нови работни позиции (за барање претплатници, за финансии, за организирање и сл.), кои не се поврзани со новинарската работа, со кои новинарите не знаат да работат и кои го поскапуваат функционирањето на мрежата. Едно друго решение што функционира, но сепак првенствено за ад-хок истражувања и истражувања од помал обем, е неформалното поврзување на новинарите од две или од повеќе земји за заедничка работа врз одредена сторија која вклучува луѓе од тие земји. Овде, начинот на поврзување и соработка е многу едноставен. Новинарот кој има потреба од некои информации или документи од друга земја или земји едноставно го пишува тоа на некоја интернет-мрежа или портал, наведувајќи што му треба од одредена земја. Новинарите од таа земја кои ќе го прочитаат тоа му ги доставуваат бараните информации и така стапуваат во соработка која најчесто завршува со објавување на заедничка приказна во двете земји.

## ЕКОНОМСКАТА КРИЗА УДРИ И ВРЗ ИСТРАЖУВАЧКИТЕ НОВИНАРИ

Следните месеци и години ќе бидат уште потешки за истражувачкото новинарство, проценуваат истражувачките новинари, особено оние од поразвиените земји од поширокиот регион на Централна и на Источна Европа. Велат дека економската криза од крајот на 2008 година сè до денес сериозно ги погодила особено истражувачките новинари, кои први се нашле на списоците за отпуштања во обид на нивните медиуми да ги скратат трошоците поради намалените приходи од реклами од фирмите. Логиката што ја примениле медиумите била да се крати кај новинарите кои продуцираат најмалку приказни, не водејќи сметка за квалитетот на тие приказни. Има примери дури и за згаснување на одредени медиуми кои целосно биле посветени на истражувачкото новинарство.

## ПОГОЛЕМА АНГАЖИРАНОСТ ОД НОВИНАРИТЕ



Имајќи го сето ова предвид, може да се заклучи дека малку опции им остануваат на истражувачките новинари, особено на нивните регионални мрежи. Истражувачки новинари, невладини организации и донатори што ги помагаат нивните мрежи од Молдавија, Романија, Украина, Чешка, Полска, Бугарија, Србија и Македонија, на почетокот од ноември во Кишињев, Молдавија, ги разменија своите искуства и разговараа за идните можности за зголемување на прекуграничната соработка во истражувачкото новинарство.

За да можат да работат врз своите приказни побрзо и поефикасно, новинарите треба што повеќе да се поврзуваат со нивни колеги од другите земји и можеби истовремено да работат врз неколку приказни, за да ја избегнат опасноста да „заглават“ со одредена приказна и да немаат што да објават подолго време. Освен тоа, новинарите треба да им помагаат на нивните колеги од другите земји во собирање информации за нивните приказни, со што ќе можат да ги објават тие приказни и во своите медиуми.

Натаму, се заклучи дека сега, како никогаш претходно, е потребна уште поголема поддршка од невладините организации и од странски донатори за ваквото организирање на истражувачките новинари, за да се спречи целосното замирање на овој вид новинарство, што би било од интерес на оние кои работат нечесно, со манипулации, злоупотреби и корупција. Пред истражувачките новинари, пак, е предизвикот за поголема агилност, ангажираност и посветеност на вакви вмрежувања и идни соработки.

Во оваа насока е и постоењето на неформалната мрежа на истражувачки новинари од Македонија, која постои во рамките на Центарот за граѓански комуникации и чии активности ќе се интензивираат во 2011 година.

## За Центарот за граѓански комуникации

Центарот за граѓански комуникации е невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани чија главна мисија е да ја подобрува и развива комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од поширока општествена важност, како и да ги набљудува, анализира и унапредува општествено-политичките и економските процеси во земјата, пред сè од областа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој.

Центарот за граѓански комуникации ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинзи, обуки, семинари и трибини, како и издавање извештаи, публикации и прирачници за работа.

Во своето петгодишно дејствување, Центарот за граѓански комуникации ја фокусира својата работа врз две групи на меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.

Позначајни активности кои се спроведени или се спроведуваат во оваа насока се:

**Проект за транспарентно локално владеење (2009-2012)**

Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу опшините како во земјава така и во регионот. Проектните активности ќе придонесат кон намалување на нивото на корупција во локалните заедници и кон засилување на довербата на граѓаните и бизнис претставниците во локалните власти. Проектот се спроведува во партнерство со невладините организации ЕХО од Штип и НВО Инфо-центар од Скопје, а е финаниски поддржан од УСАИД Македонија.

**Мониторинг на јавните набавки на централно и на локално ниво (2008-2010)**

Проектот го анализира спроведувањето на процедурите и системот на јавни набавки во земјава во светло на новиот Закон за јавни набавки, а од аспект на транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки. Се следат и анализираат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки годишно, преку директно следење на отворањето на понудите, длабочински интервјуа со понудувачите и со органите кои ги распишуваат набавките, прибирање информации од Бирото за јавни набавки и од другите вклучени институции. Резултатите од мониторингот вклучуваат и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки. Проектот е финансиски поддржан од ФИООМ.

**Засилување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата (2008-2009)**

Проектот ги унапредува новинарските стандарди за истражување и известување за корупцијата и го засилува капацитетот на медиумите за остварување на нивната улога во борбата против корупцијата. Појдовна основа е длабочинска анализа за начинот на кој македонските медиуми известуваат за коруцијата и за детектирање на главните слабости во тоа известување. Врз таа основа се извлекуваат препораки за унпаредување на новинарските стандарди, чие спроведување се обезбедува преку тренинг на 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава. Со овие активности се надминува еден од главните проблеми детектирани во Државната стратегија за намалување на корупцијата – несоодветно покривање на корупцијата од страна на медиумите. Проектот е финансиски поддржан од УСАИД Македонија.

**Мерки за намалување на корупцијата во Македонија (2007-2008)**

Откако со првата фаза од проектот беа утврдени најранливите области на корупција во Македонија, преку овој проект се создадени и препорачани вкупно 156 конкретни мерки кои треба да се преземат од властите за да се стесни просторот за корупција. Проектот вклучуваше споредба со најдобрите практики во другите земји, серија работилници на кои експерти и претставници на заинтересираните страни дискутираа и предлагаа начини како да се намали просторот за корупција, приоритетизација на мерките и нивно испраќање до надлежните институции и медиумите и следење на нивното спроведување. Голем дел од мерките беа преземени, особено оние кои се однесуваа на давање независност на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки која од капата на Владата се пресели во Парламентот, стекнување на независен правен статус на Бирото за јавни набавки, кое од капата на Министерството за финансии стана независен орган и сл. Проектот е финансиски поддржан од Balkan Trust for Democracy.

**Намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и Романија (2008-2009)**

Во партнерство во Романскиот центар за истражувачко новинарство, 10 истражувачки новинари од Македонија се обучени од водечки тренери за истражувачко новинарство од Романија за напредните техники на истражувачкото новинарство. По обуката, новинарите престојуваа во романски медиуми каде заедно со свои колеги од Романија работеа на истражувачки приказни кои потоа ги објавија во своите медиуми во Македонија. Проектот резултираше со формирање на мрежа на истражувачки новинари во рамките на Центарот за граѓански комуникации. Проектот е финансиски поддржан од програмата Исток-Исток.

**Серија обуки за новинари од локални медиуми за истражувачко новинарство и за известување за локалната власт (2008)**

Центарот спроведе 4 регионални обуки за триесеттина новинари од локалните медиуми за унапредување на нивните способности и капацитети за истражување и известување за работата на локалната самоуправа во светло на зголемените ингеренции на локалната власт, а со тоа и зголемената улога на локалните медиуми за известување за прашања од интерес на граѓаните во општините. Проектот резултираше и со изработка на Водич за новинарско известување за претставници на локалните медиуми во Македонија. Проектот е финансиски поддржан од програмата за локална самоуправа на УСАИД Македонија.

Освен ова, Центарот за граѓански комуникации во изминатиот период објави серија Извештаи за корупцијата во Македонија (2005 и 2006), преку поддршка од Balkan Trust for Democracy, обучи цели новинарски редакции од 16 локални телевизии од земјава за известување за прашања од локален интерес, преку поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, учествуваше во работниот тим експерти кои ја создадоа тригодишната државна стратегија за борба против корупцијата, во комисијата за доделување на наградите за добро владеење во Македонија и др.